Tuning
Tuning Educational Structures in Europe

**Список за проверка на проектот *Tuning*:**

**Дизајн на програмата**

| ***Дел*** | ***Клучни прашања*** |
|---|---|
| Профил на степенот | • Дали **потребата за и потенцијалот** на (новата) програма за степен биле воспоставени целосно и јасно на сеопфатен начин?<br>• Дали таа има за цел да задоволи воспоставени или нови професионални и/или социјални барања?<br>• Имаше ли **консултации** со засегнатите страни? Дали тие ја идентификуваа потребата од програма за степен?<br>• Дали **приодот** кој бил применет за **консултациите е соодветен**? Дали групите што беа селектирани се релевантни за предметната програма за степен?<br>• Дали **дефиницијата** на профилот, идентификувањето на **целните групи** што ќе бидат опфатени и нејзиното место во националното и меѓународното опкружување се **јасни**?<br>• Дали има докази што потврдуваат дека профилот ќе биде **признаен** во однос на **идното вработување**? Дали тој е поврзан со конкретен професионален или социјален контекст?<br>• Дали овој профил претставува **академски предизвик** за кадарот и за студентите?<br>• Дали постои **свест за образовниот контекст** во кој се нуди програмата? |
| Очекувани резултати од учењето | • Дали биле идентификувани **јасни и соодветни очекувани резултати од учењето** на ниво на програмата како целина и за секоја од нејзините компоненти?<br>• Дали тие ќе резултираат во идентификуваниот **профил**? Дали се тие соодветно распределени во различните делови на програмата?<br>• Дали доволно се гарантира **напредок и кохерентност** на програмата и на нејзините единици?<br>• Дали очекуваните резултати од учењето се **формулирани од аспект на конкретни и генерички компетенции за предметот** коишто опфаќаат знаење, разбирање, вештини, способности и вредности?<br>• Какви гаранции постојат дека очекуваните резултати од учењето ќе бидат **признати и разбрани** во и надвор од Европа? |
| Компетенции | • Дали **компетенциите** што студентите треба да ги стекнат - и |

| | |
|---|---|
| | конкретните компетенции од предметот и генеричките компетенции - се јасно **дефинирани и формулирани**?<br>• Дали **нивото** на компетенциите што треба да се стекнат е соодветно на оваа конкретна програма за степен?<br>• Дали компетенциите што треба да се стекнат се изразени на начин на кој тие навистина можат **да се измерат**?<br>• Дали се **гарантира напредок** во развојот на компетенциите?<br>• Дали стекнатите компетенции можат соодветно да се оценат? Дали **методологијата за оценување** на компетенциите е јасно конкретизирана и соодветна на **изразените очекувани резултати од учењето**?<br>• Дали приодите избрани за **учење и предавање** на компетенциите се јасно **конкретизирани**? Какви докази постојат за да се гарантира дека ќе се постигнат резултатите?<br>• Дали избраните приоди се доволно **различни и иновативни/креативни**?<br>• Дали идентификуваните компетенции се **споредливи и компатибилни** со **европските референтни точки** сродни на предметната област? (доколку е применливо) |
| Ниво | • Дали **нивото на упис** на потенцијални студенти било земено предвид при идентификувањето на нивните потреби за учење?<br>• Дали нивото на очекуваните резултати од учењето и компетенциите соодветствува со **нивото (нивоата)** на степенот (циклусот) предвиден во **Европската и националната рамка на квалификации**?<br>• Доколку се вклучат и подниова, дали тие се опишани од аспект на очекуваните резултати од учењето изразени во компетенциите?<br>• Дали нивоата се опишани од аспект на:<br>- Стекнување знаење, разбирање, вештини и способности<br>- Примена на знаење, разбирање, вештини и способности во практика<br>- Донесување информирани судови и избори<br>- Пренесување знаење и разбирање<br>- Капацитети за продолжување на учењето |
| Кредити и оптоварување | • Дали програма што води до степен е **базирана на ЕКТС**? Дали таа е во согласност со **клучните карактеристики на ЕКТС**?<br>• Дали се распределени **кредити на** програмата? Како се гарантира соодветноста на оваа **распределба**?<br>• Како кредитите се поврзани со **очекуваните резултати од учењето** на оваа програма?<br>• Како се проверува **корелацијата** меѓу **оптоварувањето и** распределбата на **кредитите**?<br>• Како се гарантира **балансирано оптоварување** на студентот во текот на секој период од учењето од аспект на учење, настава и активности што се оценуваат?<br>• Какви механизми се користат за **ревизија** на распределбата на |

| | |
|---|---|
| | кредити и учењето, наставата и активностите на оценување? Како се вклучени студентите во овој процес?<br>• Дали **информациите** за програмата (модули и/или делови од курсот) се презентирани онака како што е опишани во **ЕКТС прирачникот за корисници**?<br>• Како се олеснува **мобилноста на студентите** во програмата?<br>• Како се **советуваат студентите** во однос на мобилноста?<br>• Како се користат **клучните документи на ЕКТС** за мобилноста?<br>• Кој е одговорен за **признавањето** и кои постапки се применуваат? |
| Ресурси | • Како се гарантира **формалното прифаќање** на програмата и на ресурсите потребни за да се испорача истата?<br>• Дали е гарантиран **персоналот** (академскиот и персоналот за поддршка и надзорниците на работните места) за испорака на програмата? Дали програмата налага користење на наставен кадар надвор од катедрата/институцијата?<br>• Дали се предвидува **развој на персоналот** од аспект на (нови) приоди кон учењето, наставата и оценувањето?<br>• Како се гарантираат неопходните **структурни, финансиски и технички средства** (училници, опрема, постапки за здравје и безбедност, итн.)?<br>Во случај на учење на работното место /стажирање, дали се гарантираат доволно и соодветни **стажирања**? |

**Испорака, одржување и евалуација на програмата**

| | |
|---|---|
| Мониторинг | • Како се изведува мониторинг на **квалитетот на испораката** на програмата и нејзините компоненти?<br>• Како се изведува мониторинг на **квалитетот на кадарот и мотивацијата** за испорака на програмата?<br>• Дали постојат системи за **евалуација** на квалитетот на средината за учење во рамките на **учење на работно место /стажирање**?<br>• Дали е доволен **квалитетот на училниците и опремата** (вклучувајќи ги и работните средини) потребни за испорака на програмата?<br>• Како се изведува мониторинг на **нивото на упис** на потенцијалните студенти?<br>• Како се изведува мониторинг на **учинокот на студентот** од аспект на квалитетот на очекуваните резултати од учењето што треба да се стекнат/компетенции што треба да се постигнат и времето потребно за да се заврши програмата и нејзините компоненти?<br>• На кој начин се изведува мониторинг на **вработливоста** на дипломците?<br>• Како е организирана **базата на податоци за алумните**?<br>• Дали се собираат податоци за **задоволството на дипломците** од програмата? |
| Ажурирање | • Како е организиран системот за **ажурирање/ревизија** на програмата за степен?<br>• На кој начин можат промените поврзани со **надворешниот развој** |

| | |
|---|---|
| | **на настаните** во општеството да се инкорпорираат во програмата?<br>• Како е организиран и како се гарантира **развојот на кадарот** поврзан со ажурирањето на програмата? |
| Одржливост и одговорност | • Како се гарантира **одржливоста** на програмата?<br>• Како се гарантира фактот дека релевантните тела преземаат **одговорност за одржливост и ажурирање** на програмата? |
| Организација и информации | • Како се организира и гарантира **ажурирањето на информациите** во однос на програмата за степен?<br>• Како се гарантира соодветност на системот за **поддршка, советување и туторство на студентите**?<br>• Дали **додатокот на дипломата** им се издава на студентите автоматски и без надомест на нашироко зборуваниот англиски јазик? |